**20152155930**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 101 став (7) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15 и 154/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 1.12.2015 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2013, 81/2013, 181/2013, 1/2014, 23/2014, 136/14,157/14 и 139/15), во членот 4 став 4 по алинејата 18 се додаваат две нови алинеи 19 и 20 кои гласат:

-„Фестивал на Смоларскиот костен–Ново Село;“

-„Кривопаланечка Еко храна –Крива Паланка;“.

Член 2

Во членот 11 став 1 по алинеја 10 се додава нова алинеја 11 која гласи:

„- инвестициони вложувања за санација на метеоролошки станици“.

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„Субјект кој е корисник на техничката поддршка од став 1 алинеја 11 на овој член е Управата за хидрометеоролошки работи. “.

Член 3

Во членот 12 по ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:

„Средствата за поддршката од член 11 став 1 алинеја 11 на оваа уредба ќе се реализираат од Управата за хидрометеоролошки работи по пат на јавна набавка.“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11673/1
1 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.